РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД
Бр. 10 – 79/2
11 01 2024 год.
Македонски Брод

# Годишен план за спречување корупција

# 2024

ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

Јануари 2024

## ГОДИШЕН ПЛАН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА СО АКЦИСКИ ПЛАН ЗА 2024 ГОДИНА НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

### ВОВЕД

Корупцијата е глобален проблем и динамична појава и се поврзува со различни економски, правни, политички, социолошки и други фактори.Нејзините ефекти се негативни и ги опфаќаат јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор.Таа претставува сериозна закана за ефективно и ефикасно владеење, растот и стабилноста а сериозно ја поткопува довербата во институциите на системот со што ја доведува во опасност демократијата и остварувањето на човековите права преку ерозија на општествените вредности, на локално и државно ниво.

Борбата против корупцијата подразбира донесување и имплементирање на закони, политики, методологии и програми со цел сузбивање на овој феномен кој ги подрива општоприфатените морални вредности и норми во корист на јавниот интерес.

Општина Македонски Брод го препознава овој предизвик и согласно препораките и заложбите на Владата на Република С.Македонија го донесува и доследно ќе го имплементира овој Годишен план за спречување на корупцијата со акциски план.

Овој план заедно со Политиката на интегритет како и Етичкиот кодекс на локалните функционери и Кодексот за административните службеници, сметаме дека претставува основа кон намалување и сузбивање на корупцијата во локалната самоуправа.

### ШТО Е КОРУПЦИЈА И СУДИР НА ИНТЕРЕСИ

Корупција: согласно Законот за спречување на корупцијата е дефинирана како „злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба заради остварување корист, директно или преку посредник, за себе или за друг".

Законот познава два поими во овој поглед и тоа:

- Пасивна корупција : намерно делување на службеното лице, кое директно или преку посредник, бара или прима корист од каков бил вид , за себе или за трето лице или прифаќа ветување на ваква корист, со цел да делува илии да се воздржува од делување во согласност со своите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски .
- Активна корупција: намерно делување на кое било лице кое директно или преку посредник, ветува или дава корист од каков било вид на службено лице, за него или за трето лице, со цел да делува или да се воздржува од делување на во согласност